Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 12**

**23.07.2015**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2015 година донесена на 36-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 16.07.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 702/1 Општина Демир Хисар**
**23.07.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**364.** Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002,како и во согласност со член 34 од Законот за Буџет (Сл.весник бр.64/2005, 2008) а во врска со член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.3/02) Советот на општина Демир Хисар на 32 седница одржана на 16.07.2015 година донесе

**ОДЛУКА**
**За проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетотна Општина ДЕМИР ХИСАР за 2015 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2015 година на следниот начин:

| Програма и назив на потпрограмата Потставка и опис потставката | самофин. | Дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потставки:** | | | | |
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 742111 приходи од обединети нации | 0 | 0 | 186.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 186.000 | 0 |
| **Т10 УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | | | | |
| 425230 осигурување на вработени (несреќи, живот) | 0 | 0 | 3.125 | 0 |
| 425990 други договорни услуги | 0 | 0 | 182.875 | 0 |
| | 0 | 0 | 186.000 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина ДЕМИР ХИСАР и станува составен дел на Буџетот на општината за 2015 година.

**Бр.17-660/5 Совет на општина Демир Хисар**
**16.07.2015 Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување знаме на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување знаме на Општина Демир Хисар донесена на 36-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 16.07.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 702/2 Општина Демир Хисар**
**23.07.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**365.** Врз основа на член 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија " бр. 05/02), како и во согласност со член 154, 155, 156 и 157 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02,4/05,7/09,16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 16.07.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на знаме на Општина Демир Хисар**

Член 1

Советот на општина Демир Хисар на предлог од Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на грб и знаме на општина Демир Хисар го утврди следното идејно решение за знаме на Општина Демир Хисар.

„Описот на идејносто решение за знаме на Општина Демир Хисар" е составен дел на Одлуката за утврдување на знаме на Општина Демир Хисар.

Член 2

Вака утврденото знаме на Општина Демир Хисар ќе се употребува по уписот во регистарот кој се води во Министрството за локална самоуправа на Р Македонија.

Член 3

Одлуката за утврдување на знаме на Општина Демир Хисар е составен дел од Статутот на општината.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар, а ќе се применува по уписот во Регистарот кој се води во Министрството за локална самоуправа на Р Македонија.

**Бр. 17-660/6 Совет на Општина Демир Хисар**
**16.07.2015 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за отпочнување на постапка за воведување на сопствени регистарски ознаки на возила од Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за отпочнување на постапка за воведување на сопствени регистарски ознаки на возила на Општина Демир Хисар донесен на 36-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 16.07.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 702/3 Општина Демир Хисар**
**23.07.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**366.**Врз основа на член 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р. Македонија бр. 5/2002) и член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 16.07.2015 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За отпочнување на постапка за воведување на сопствени регистарски ознаки на возила од општина Демир Хисар**

1.Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 16.07.2015 година имајќи ја во предвид законската регулатива ја разгледа можноста за воведување на сопствени регистарски ознаки на возилата од Општина Демир Хисар и донесе заклучок за отпочнување на постапка.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 17-660/7 Совет на Општина Демир Хисар**
**16.07.2015 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за определување на просечна потрошувачка и надпросечна (прекумерна) потрошувачка на вода за пиење во населено место Стругово**

1.Ја објавувам Одлуката за определување на просечна потрошувачка и надпросечна (прекумерна) потрошувачка на вода за пиење во населено место Стругово донесена на 36-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 16.07.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 702/4 Општина Демир Хисар**
**23.07.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**367.** Врз основа на член 6 точка 5, 6 и 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води „Службен весник на Р.Македонија бр. 68/04, 17/2011, 103/2008, 54/2011, 163/2013“ како и во согласност со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа „Сл.весник на Р. Македонија бр. 05/02“, а во врска со член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14“ Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 16.07.2015 година донесе

**О Д Л У К А**
**За определување на просечна потрошувачка и надпросечна (прекумерна) потрошувачка на вода за пиење**

Член 1

Како просечна потрошувачка на вода за пиење за населеното место с.Стругово по член на семејство се утврдува **шест кубни метри (6 м3) месечно**.

Цената на секој кубен метар потрошена вода за пиење е утврдена со посебна Одлука за населеното место с.Стругово и посебна Одлука за секое населено место.

Член 2

Цената за секој кубен метар потрошена вода за пиење надпросечната потрошувачка (**прекумерна потрошувачка**) се зголемува за два пати.

Зголемената цена се пресметува само за разликата потрошени кубни метри вода во семејството, од предходно утврдената просечна потрошувачка.

Член 3

Секој корисник е должен да ја користи водата, внимателно и рационално само за намената за која е предвидена.

Ненаменското користење на вода, намерно или оштетувањето од небрежност на системот, корисникот на вода е должен да ги плати сите настанати трошоци предизвикани од горе наведените дејствија.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-660/8 Општина Демир Хисар**
**16.07.2015 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Демир Хисар донесена на 36-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 16.07.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-702/5** **Општина Демир Хисар**
**23.07.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**368.**Врз основа на член 23 став 2 од Законот за угостителска дејност ( „Сл. весник на РМ“ бр. 62/04) и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар„ бр.3/02, 4/05.7/09.13/14 и 18/16), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 16.07.2015 година донесе

***О Д Л У К А***
**за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Демир Хисар**

**Член 1**
Со оваа Одлука се уредува продолжувањето на работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Демир Хисар подолго од пропишаното.

**Член 2**
Работното време на угостителските објекти во петок и сабота, спроти празнични денови и празнични денови, во периодот од 1 јули до 31 август се зголемува за 1 (еден) час.

**Член 3**
На угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги во деновите од членот 2 им се продолжува работното време за 1 час, односно може да работаат од 07,00 до 02,00 часот наредниот ден.

**Член 4**
Продолжувањето на работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Демир Хисар е како потреба на туристичката сезона во летниот период.

**Член 5**
Работното време на учесниците на манифестацијата „Рок хепенинг“ во рамките на културното лето Демир Хисар 2015 година која ќе се оддржи на 14.08.2015 година наспроти 15.08.2015 година се продолжува за еден (1) часа и тоа од 20,оо часот до 02,оо часот наредниот ден.

**Член 6**
Во другите работни денови, угостителските објекти работаат по распоредот на работно време кое самостојно го определуваат согласно законските прописи.

**Член 7**
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар“.

**Бр. 17- 660/9** **Совет на општина Демир Хисар**
**16.07.2015 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување во населено место Церово**

1.Ја објавувам Одлуката за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување во населено место Церово донесена на 36-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 16.07.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 702/6** **Општина Демир Хисар**
**23.07.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**369.** Врз основа на член 6 став 2 од Законот за комуналните такси („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04, 64/05 и 92/07), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), како и член 91 став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Сл.Гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 ), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 16.07.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување**

Член 1

Со оваа Одлука се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување имателите на броила за мерење на електрична енергија во населеното место Церово каде поради нискиот напон на струја уличното осветлување неможе да се стави во функција.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар“.

***Бр.17-660/10 Совет на општина Демир Хисар***
***16.07.2015 година Претседател***
***Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.***

-----------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за проширување и измена на распоредот на средсвата во Буџетот на Општина демир Хисар за 2015 година-----1
2. Одлука за утврдување на знаме на Општина Демир Хисар------------------------------------------2
3. Одлука Заклучок за отпочнување на постапка за воведување на сопствени регистарски ознаки на возила од општина Демир Хисар-2
4. Одлука за определување на просечна потрошувачка и надпросечна (прекумерна) потрошувачка на вода за пиење во населено место Стругово----------------------------------3
5. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Демир Хисар---------4
6. Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување во населено место Церово--------------------------5

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**